# КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО HERPES ZOSTER OPHTALMICUS ЛЕКУВАНИ ВО ОЧНОТО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ОПШТАТА БОЛНИЦА ВО ШТИП

Икономовска Л., Стојменова Ј., Камчева М.,Камчев Н.

РЕ Очно одделение, Општа болница-Штип, Р. Македонија

## ЦЕЛ

Да се прикажат компликациите кај болни со пареза со Herpes zoster ophtalmicus хоспитализирани и лекувани во очното одделение во Штип.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Очното одделение во Штип е регионално одделение кон кое гравитираат околу 250.000 жители од Источниот дел на Република Македонија. Во изминатите 5 години хоспитализирани и лекувани се се 7 пациенти со Herpes zoster ophtalmicus. Од болните 3 се мажи, а 4 жени на возраст од 40-75 години.

## РЕЗУЛТАТИ

Во изминатите 5 години лекувани се 7 болни со Herpes zoster ophtalmicus. Компликации со пареза на n. oculomotorius се појавија кај 3 (42,85%) болни, а кај 2 (28,57%) болни се појави секундарен глауком со сите карактеристични знаци и симптоми. Останатите 3 (42,85%) болни поминаа со уреден тек без компликации. Третирани се повеќе денови со локални антивирусни масти, антибиотски капки и Midriatik капки, витаминотерапија и друга симптоматска терапија. По 10 дена од појавата на парезата започнавме со физикална терапија.

## ЗАКЛУЧОК

Herpes zoster ophtalmicus е болест која е предизвикана од неуротропен варичела-зостер вирус. Се работи за воспалување на Glasseri ганглионот, неговите ограноци, цилиарниот ганглион и цилијарните нерви. Се работи за ретко, но тешко заболување со многубројни компликации, а тврдокорно на терапија.